


**Светски ден за борба против хепатитот,**

**28-ми јули 2017**

Да го елиминираме хепатитот
Да ги направиме инекциите безбедни

---

**325 милиони** 325 милиони луѓе живееле со инфекција од хроничен хепатит ширум светот во 2015 година.

**1.34 милиони** 1.34 милиони луѓе умреле од хепатит во светот во 2015 година.

**95%** 95% од лицата со хепатит Ц може целосно да се излекуваат во период од 2-3 месеци.

---

## Да го елиминираме хепатитот

Светскиот ден за борба против хепатитот, 28-ми јули, е можност да се засилат напорите за спроведување на Глобалната здравствена стратегија на Светската здравствена организација против хепатитот за 2016-2021, и да им се помогне на земјите да ја постигнат крајната цел – да го елиминираат хепатитот. Активностите на Светскиот ден за борба против хепатитот имаат цел: да го прикажат националниот одговор против хепатитот во тешко оптоварените земји; да го охрабрат делувањето и работата на индивидуално ниво, на партнерите и јавноста.

---

Јули 2017
Преземено од: http://www.who.int
Подготвил: прим. д-р сци. Весна Спирова